© This translation was done by the Academy for Judges and Public Prosecutors of the Republic of Macedonia: http://www.jpacademy.gov.mk/Default.aspx?page=29. Permission to re-publish this translation has been granted for the sole purpose of its inclusion in the Court's database HUDOC.

© Овој превод е изготвен при "Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија": http://www.jpacademy.gov.mk/Default.aspx?page=29. Судот доби дозвола повторно да го објави овој превод единствено за да го вклучи во својата база на податоци: HUDOC.

СОВЕТ НА ЕВРОПА

ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# СЛУЧАЈ: JUSSILA против ФИНСКА

(Апликација бр. 73053/01)

ПРЕСУДА

СТРАЗБУР

23 ноември 2006 година

**Во случајот Jussila против Финска,**

Европскиот суд за човекови права, заседавајќи како Голем судски совет, во следниов состав:

Jean-Paul Costa, *Претседател*,
Nicolas Bratza,
Boštjan M. Zupančič,
Peer Lorenzen,
Lucius Caflisch,
Loukis Loucaides,
Ireneu Cabral Barreto,
Volodymyr Butkevych,
Josep Casadevall,
Matti Pellonpää,
Kristaq Traja,
Mindia Ugrekhelidze,
Antonella Mularoni,
Elisabet Fura-Sandström,
Ljiljana Mijović,
Dean Spielmann,
Ján Šikuta, *судии*,

како и Erik Fribergh, *Секретар*,

Расправајќи на затворени седници на 5 јули и 25 октомври 2006 година,

Ја донесе следнава пресуда, која беше усвоена на последниот наведен датум:

## ПОСТАПКА

1. Случајот беше иницииран со жалбата (бр. 73053/01) против Република Финска, поднесена до Судот, во согласност со член 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (“Конвенцијата”), од страна на финскиот државјанин, г. Esa Jussila (“жалителот”), на 21 јуни 2001 година.

2. Жалителот, кому му беше доделена правна помош, беше застапуван од страна на г. P. Lappalainen, адвокат во Nokia. Владата на Република Финска („Владата“) беше застапувана од владиниот агент, г. A. Kosonen од Министерството за надворешни работи.

3. Жалителот тврди дека не добил правично судење, во постапката во врска со доплата на дополнителен данок, поради тоа што не била одржана усна расправа.

4. Жалбата беше доделена на Четвртиот оддел на Судот (член 52 § 1 од Деловникот на Судот). На 9 ноември 2004 година, жалбата беше прогласена за делумно допуштена од страна на Судскиот совет на тој Оддел, составен од следниве судии: Nicolas Bratza, Matti Pellonpää, Josep Casadevall, Rait Maruste, Kristaq Traja, Ljiljana Mijović и Ján Šikuta и Michael

O'Boyle, Секретар на Одделот. Судскиот совет се приклучи кон основаноста во врска со прашањето за примената на член 6 од Конвенцијата. На 14 февруари 2006 година, Судскиот совет се откажа од својата правна надлежност во корист на Големиот судски совет, при што ниту една од двете страни не се спротивстави на ваквото откажување (член 30 од Конвенцијата и член 72 од Деловникот на Судот).

5. Составот на Големиот судски совет беше определен во согласност со одредбите на член 27 §§ 2 и 3 од Конвенцијата и член 24 од Деловникот. Christos Rozakis, кој не беше во можност да присуствува на расправата која се одржа на 25 октомври 2006 година, беше заменет од страна на Ireneu Cabral Barreto, заменик-судија (член 24 § 3 од Деловникот). Anatoly Kovler, кој, исто така, не беше во можност да присуствува на таа расправа, беше заменет од страна на Elisabet Fura-Sandström, заменик-судија (член 24 § 3 од Деловникот).

6. Жалителот и Владата доставија коментари во врска со основаноста на жалбата. Страните писмено разменија одговори на своите коментари.

7. Јавната расправа се одржа во Зградата на човековите права, во Стразбур, на 5 јули 2006 година (член 59 § 3 од Деловникот на Судот).

Пред Судот се појавија:

(а) *за Владата*
г. A. KOSONEN, Министерство за надворешни работи, *Агент*,
г-ѓа L. HALILA,
г. P. PYKÖNEN, *Советници*;

(б) *за жалителот*
г. P. LAPPALAINEN, член на Адвокатската комора, *Бранител*.

Судот ги сослуша обраќањата на г. Kosonen и г. Lappalainen и нивните одговори на поставените прашања од страна на судиите.

## ВО ОДНОС НА ФАКТИТЕ

### I. ОКОЛНОСТИ НА СЛУЧАЈОТ

8. Жалителот е роден во 1949 година и живее во Тампере, Финска.

9. На 22 мај 1998 година, Даночната управа на Häme (verotoimisto, skattebyrån) побара од жалителот, сопственик на работилница за поправка на автомобили, да ги достави своите забелешки во врска со одредени наводни грешки во пријавите за данок на додадена вредност (ДДВ) (arvonlisävero, mervärdesskatt) за фискалната 1994 и 1995 година.

10. На 9 јули 1998 година, Даночната управа откри дека постојат грешки во книговодствената евиденција на жалителот, односно дека сметките и фактурите не се совпаѓаат. Даночната управа повторно направи пресметка на платениот ДДВ врз основа на проценетиот приход на жалителот, кој бил повисок од оној приход што тој го пријавил. Даночната управа му нареди на жалителот, *меѓу другото*, да изврши доплата на преостанатиот данок (veronkorotus, skatteförhöjning) во висина од 10% од преиспитаната даночна обврска (дополнителниот данок што жалителот треба да го доплати изнесува 1.836 фински марки, што одговара на сумата од 308,80 евра).

11. Жалителот изјави жалба до Окружниот управен суд на Uusimaa (lääninoikeus, länsrätten) (кој подоцна прерасна во Хелсиншки управен суд (hallinto-oikeus, förvaltningsdomstolen)). Жалителот побара усна расправа, на која, исто така, побара даночниот инспектор и едно вешто лице назначено од негова страна да бидат сослушани како сведоци. На 1 февруари 2000 година, Управниот суд донесе времена одлука со која побара даночниот инспектор да достави писмени забелешки, а подоцна и експертска изјава од вештото лице назначено од страна на жалителот. Даночниот инспектор ја достави својата изјава до Управниот суд на 13 февруари 2000 година. Подоцна, изјавата на даночниот инспектор беше доставена до жалителот за забелешки. На 25 април 2000 година, жалителот поднесе свои забелешки во врска со изјавата на даночниот инспектор. Изјавата на вештото лице назначено од страна на жалителот беше со истиот тој датум и беше доставена до судот на истиот ден.

12. На 13 јуни 2000 година, Управниот суд утврди дека очигледно не е потребна усна расправа во врска со жалбата бидејќи и двете страни ги доставиле сите неопходни информации во писмена форма. Управниот суд, исто така, ги отфрли барањата на жалителот.

13. На 7 август 2000 година, жалителот побара дозвола за поднесување на жалба, притоа повторно упатувајќи го своето барање за усна расправа. На 13 март 2001 година, Врховниот управен суд го одби барањето и не даде дозвола за поднесување на жалба.

## II. РЕЛЕВАНТНО ДОМАШНО ЗАКОНОДАВСТВО И ПРАКСА

### A. Проценка и доплата на дополнителен данок

14. Дел 177 (1) од Законот за данок на додадена вредност (arvonlisäverolaki, mervärdesskattelagen; Закон бр. 1501/1993) предвидува дека за секое лице кое има обврска да плаќа данок, а кое не го платило данокот или очигледно платило помал износ на данок или не ги доставило потребните информации до даночните власти, Регионалната даночна управа (verovirasto, skatteverket) мора да направи проценка на износот на неплатениот данок.

15. Дел 179 предвидува дека може да се изврши пресметка на данокот кога едно лице не успеало да ги достави потребните даночни пријави или доставило грешни информации до даночните власти. На даночниот обврзник може да му биде наредено да го плати неплатениот данок или давачките кои му биле погрешно рефундирани на лицето.

16. Дел 182 предвидува, *меѓу другото*, дека највисоката стапка за доплата на дополнителен данок во висина од 20% од даночната обврска може да биде изречена ако лицето, без оправдана причина, не успеало навремено да достави даночна пријава или друг документ, или ако лицето доставило суштински нецелосни информации. Дополнителниот данок кој треба да се доплати може да изнесува најмногу до два пати од износот на даночната обврска, ако лицето, без оправдана причина, не успеало да ги изврши своите должности во целост или делумно, дури и откако е експлицитно побарано лицето да ги обезбеди сите информации.

17. Во финскиот судски прирачник, на пример, Финската енциклопедија за правни прашања (*Encyclopædia Iuridica Fennica*), мерката за доплата на дополнителниот данок се дефинира како административна санкција со казнен карактер изречена на даночен обврзник за однесување спротивно на даночната регулатива.

18. Во согласност со финската пракса, наредбата за доплата на дополнителен данок не го спречува поднесувањето на кривична пријава за истото однесување.

## Б. Усна расправа

19. Дел 38 (1) од Законот за управна судска постапка (hallintolainkäyttölaki, förvaltningsprocesslagen; Закон бр. 586/1996) предвидува дека усна расправа мора да се одржи доколку тоа е побарано од страна на приватно лице. Меѓутоа, усна расправа може да не се одржи доколку барањето на една од страните е прогласено за недопуштено или доколку е веднаш отфрлено, или доколку усната расправа е очигледно непотребна поради карактерот на случајот или поради други околности.

20. Во делот со образложението на нацрт-законот на Владата (бр. 217/1995) за донесување на Законот за управна судска постапка се разгледува правото на усна расправа во согласност со она што е предвидено со член 6 и можноста, во управни спорови, да не се одржи усна расправа кога тоа е очигледно непотребно, како што е наведено во делот 38 (1) од горенаведениот закон. Исто така, се наведува дека усната расправа придонесува за фокусирана и итна постапка, но, поради тоа што не секогаш резултира со било каква додадена вредност, мора да се осигура дека флексибилноста и ефикасноста на управната постапка не е нарушена. Усна расправа се одржува кога е неопходно за да се разјаснат работите и кога сослушувањето може да се смета дека е корисно за случајот во целост.

21. Во периодот од 2000 до 2006 година, Врховниот управен суд не одржал ниту една усна расправа во врска со даночните спорови. Што се однесува до осумте управни судови, жалители побарале усна расправа во

вкупно 603 случаи. Судовите одржале усни расправи во 129 случаи. Не постојат информации за тоа колку од овие даночни спорови се однесувале на доплата на дополнителен данок. Според писмените поднесоци на Владата од 12 јули 2006 година, управните судови, до датумот на пресудата во 2006 година, спровеле вкупно 20 усни расправи за даночни спорови. Што се однесува конкретно до Хелсиншкиот управен суд, во 2005 година, овој суд разгледал вкупно 10.669 случаи, од кои 4.232 беа даночни спорови. Од споменатата група на даночни предмети, 505 случаи се однесувале на ДДВ. Во текот на таа година, Управниот суд одржал вкупно 153 усни расправи, од кои три се однесувале на ДДВ.

# ВО ОДНОС НА ПРАВОТО

## НАВОДНА ПОВРЕДА НА ЧЛЕН 6 § 1 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

22. Жалителот изјави жалба дека постапката за утврдување на дополнителен данок кој треба да се доплати е неправична поради тоа што судовите не спровеле усна расправа во врска со неговиот случај. Судот ја разгледа оваа жалба врз основа на член 6 од Конвенцијата, а соодветниот дел од овој член предвидува:

> „1. При определувањето на ... било какво кривично обвинение против едно лице, секој има право на правично и јавно судење ... од страна на независен и непристрасен трибунал основан со закон. ...“

### А. Поднесоци на страните

*1. На жалителот*

23. Жалителот ги оспори поднесоците на Владата, бидејќи сметал дека во нив се дадени неточни, односно грешни, толкувања на домашното законодавство и на Конвенцијата. Според жалителот, неговиот случај бара, врз основа на домашното законодавство и во согласност со член 6 од Конвенцијата, задолжителна усна расправа, што се должи на неговата потреба за правна заштита и на фактот дека веродостојноста на изјавите на сведокот играат значајна улога за утврдување на случајот. Според жалителот, овој случај не се однесува само на сумата од 308,80 евра, туку на севкупните финансиски обврски во износ од 7,374.92 евра. Жалителот тврди дека неодржувањето на усна расправа *де факто* го става товарот на докажување врз него. Тој, исто така, го истакна значењето на заканата од казна и влијанието врз неговиот бизнис што произлегува од обврската да плати неоправдан данок без никаква правна основа.

24. Во своите усни поднесоци, жалителот истакна дека не „се одлучил за“ обврската да плати ДДВ. Напротив, поради тоа што неговиот остварен годишен промет го надминал прагот утврден во Законот за данок на додадена вредност, за него било задолжително да поднесе барање за поврат на ДДВ.

*2. На Владата*

25. Владата ја наведе основната цел на обврската за плаќање данок од страна на поединците и компаниите. Даночните прашања претставуваат дел од најосновните прерогативи на јавната власт, при што јавниот карактер на односот помеѓу даночните обврзници и даночните власти и натаму останува доминантен. Проширувањето на опсегот на член 6 § 1, според неговата кривична категорија, со цел да бидат вклучени и даноците, може да има далекусежни последици во поглед на способноста на државата за собирање на даноци.

26. Владата истакна дека дополнителните даноци, според финскиот правен систем, спаѓаат во рамките на управното право. Истите не се наметнати врз основа на кривично-правните одредби, туку во согласност со различните даночни закони. Покрај тоа, ваквите даноци се утврдуваат од страна на даночните власти и, во секој поглед, се сметаат за поинакви од санкциите кои се наметнати од страна на судот. Доплатата за која станува збор во овој конкретен случај е насочена кон одредена група на луѓе со посебен статус, имено, граѓани кои се обврзани да плаќаат ДДВ и кои се регистрирани дека подлежат на плаќање на ДДВ. Оттука, ваквиот данок не е изречен според некое општо правило. Главната цел на дополнителниот данок е да се заштитат фискалните интереси на државата и да се врши притисок врз даночните обврзници за исполнување на нивните законски обврски, за санкционирање на прекршувањата на тие обврски, како и да се спречи повторното вршење на делото. Меѓутоа, овој аспект не бил одлучувачки. Владата истакна дека изречената казна не го достигнала значителното ниво идентификувано во случајот *Bendenoun против Франција* (24 февруари 1994 година, Серија А, бр. 284). Изречената казна за доплата на дополнителниот данок не може да се конвертира во казна затвор, а износот на данокот за доплата во овој конкретен случај бил низок, 10%, што одговара на сумата од 308,80 евра, со вкупна највисока можна доплата од 20%.

27. Претпоставувајќи дека член 6 може да се примени, Владата тврди дека обврската според член 6 § 1 за одржување на јавна расправа не е апсолутна. Поради исклучителни околности на случајот, може да не биде потребно да се одржи јавна расправа, на пример, кога не постојат прашања на факти или закон кои не можат да бидат соодветно решени врз основа на списите во досието на случајот и писмените забелешки доставени од страните во случајот. Покрај барањето за публицитет, постојат и други размислувања, вклучувајќи го и правото на судење во разумен рок и потребата која произлегува од тоа право, имено, за навремена обработка

на списите во врска со предметот од страна на судовите, кои мора да бидат земени предвид при утврдувањето на потребата за спроведување на јавни расправи во постапките кои следат по судењето на првостепено ниво.

28. Владата тврди дека, во овој конкретен случај, целта на барањето на жалителот за спроведување на усна расправа била да се оспори веродостојноста и точноста на извештајот на даночната инспекција преку вкрстено испрашување на даночниот инспектор и вештото лице. Владата истакна дека Управниот суд донел одлука да побара да се доставаат писмени забелешки од страна на даночниот инспектор, а потоа и изјава од вештото лице назначено од страна на жалителот. Усна расправа очигледно не била потребна, поради тоа што информациите обезбедени од страна на жалителот претставувале доволна фактичка основа за разгледување на случајот. Прашањето за кое станува збор било доста техничко прашање, засновано на извештајот на даночниот инспектор. Таков спор може подобро да се реши во писмена постапка отколку со усно аргументирање. Не постои нешто кое може да посочи дека можат да се појават прашања на факти или закон кои не можат да се решат на соодветен начин, врз основа на списите на предметот и писмените забелешки доставени од страна на жалителот, на даночниот инспектор и на вештото лице. Никакви други дополнителни информации не можат да се соберат, во согласност со она што го бара жалителот, со директно сослушување на даночниот инспектор или на вештото лице. Понатаму, на жалителот му била дадена можност да изнесе каков било став во писмена форма, кој, според неговото мислење, може да биде одлучувачки за исходот на постапката. Жалителот, исто така, имал можност да даде свои коментари во врска со сите информации доставени од страна на даночните власти за време на постапката. Понатаму, жалителот можел да поднесе жалба до Окружниот управен суд и до Врховниот административен суд, при што и двата суда имаат целосна судска надлежност за прашања на факти и закон и можат да ги поништат одлуките на даночните власти. Владата донесе заклучок дека постојат околности кои го оправдуваат неодржувањето на јавна расправа во случајот на жалителот.

## Б. Оценка на Судот

### *1. Применливост на член 6*

29. Овој конкретен случај се однесува на постапка во која жалителот, поради недоследности во неговите даночни пријави, е должен да плати ДДВ, како и да доплати дополнителен данок во висина од 10%. Проценката на данокот и воведувањето на дополнителен данок за доплата не спаѓаат во рамките на опсегот на член 6 според неговата граѓанска категорија (види го случајот *Ferrazzini против Италија* [GC], бр. 44759/98, § 29, ECHR 2001-VII). Оттука, прашањето кое се поставува во овој случај е дали постапката може да се смета дека е „кривична“ во рамките на автономното значење на

член 6, и, со тоа, дали ги добива гаранциите предвидени во член 6 според таа категорија.

30. Во воспоставената судска пракса на Судот, утврдени се три критериуми кои треба да бидат земени предвид при оценувањето на применливоста на кривичниот аспект. Овие критериуми, кои понекогаш се нарекуваат „*Engel* критериуми“, беа неодамна потврдени од страна на Големиот судски совет во случајот *Ezeh и Connors против Обединетото Кралство* ([GC] бр. 39665/98 и бр. 40086/98, § 82, ECHR 2003 година - X).

> „...потребно е најпрво да се утврди дали одредбите со кои се дефинира делото за кое е покренато обвинението, спаѓаат, според правниот систем на обвинетата држава, во кривичното право, дисциплинското право или и во двете истовремено. Ова, сепак, не дава повеќе од само една појдовна точка. Оттука, понудените индикации имаат само формална и релативна вредност и мора да бидат разгледани во насока на утврдување на заеднички именител меѓу соодветните законодавства на различните договорни држави.
>
> Самиот карактер на извршеното дело е фактор од поголема важност. ...
>
> Сепак, надзорот од страна на Судот не завршува тука. Таквиот надзор, главно, ќе се покаже како илузорен доколку, исто така, не се земат предвид степенот на строгоста на казната на која засегнатото лице ризикува да биде изложено. ... “

31. Вториот и третиот критериум се алтернативни и не се секогаш кумулативни. Доволно е делото за кое станува збор да се смета, според својот карактер, за кривично дело или лицето кое го извршило делото да се смета за одговорно и да подлежи на казна која, според својот карактер и степенот на строгост, припаѓа во рамките на општата криминална сфера (види го случајот *Ezeh и Connors*, цитиран погоре, § 86). Релативниот недостаток на строгост на казната не може да го поништи инхерентниот кривичен карактер на делото (види го случајот *Öztürk против Германија*, 21 февруари 1984 година, § 54, Серија А, бр. 73; види го, исто така, случајот *Луц против Германија*, 25 август 1987 година, § 55, Серија А, бр. 123). Ова не го исклучува кумулативниот пристап, кога анализата на секој критериум поединечно не овозможува да се донесе јасен заклучок во врска со постоењето на кривичното дело (види го случајот *Ezeh и Connors*, цитиран погоре, § 86, повикувајќи се, *меѓу другото*, и на случајот *Bendenoun*, цитиран погоре, § 47).

32. Судот разгледуваше дали неговата судска пракса поддржува поинаков пристап за фискалните или даночните случаи. Судот истакна дека во случајот *Bendenoun*, кој се однесува на воведувањето на казни за неплатен данок или доплата на дополнителен данок заради затајување на данок (одговорност за плаќање на ДДВ и данок на добивка во однос на компанијата на жалителот и неговиот персонален данок на доход), Судот не се повика експлицитно на случајот *Engel и други против Холандија* (8 јуни 1976 година, Серија А, бр. 22.) и наведе четири елементи кои смета дека се релевантни за утврдување на применливоста на член 6 во тој случај: дека законот со кој се утврдуваат казните се однесува на сите граѓани во нивното својство на даночни обврзници; дека дополнителниот данок не е наменет

како паричен надомест на штета, туку во суштина како казна за да се спречи повторното вршење на делото, дека данокот е наметнат врз основа на општото правило, и дека има заплашувачка и казнена цел и дека дополнителниот данок е значителен (422.534 француски франци (FRF) во однос на жалителот и 570.398 француски франци (FRF) во однос на неговата компанија, што одговара на износот од 64.415 евра и 86.957 евра соодветно). Сепак, овие фактори, во овој контекст, можат да се сметаат за релевантни при утврдувањето на применливоста на вториот и третиот *Engel* критериуми во врска со фактите на случајот, поради тоа што не постојат индикации дека Судот има намера да отстапи од претходната судска пракса или да воспостави посебни начела во даночната сфера. Понатаму, мора да се нагласи дека Судот во случајот *Bendenoun* не разгледа ниту еден од четирите елементи кои се сметаат за одлучувачки, туку примени кумулативен пристап при утврдувањето на применливоста на член 6, според неговата кривична категорија.

33. Во случајот *Janosevic против Шведска* (бр. 34619/97, ECHR 2002-VII), Судот не се повика на случајот *Bendenoun,* ниту на посебниот пристап применет во тој случај, туку категорично продолжи да постапува врз основа на *Engel* критериумите утврдени погоре. Иако се осврна на строгоста на реалната и можната казна (која вклучува доплата на дополнителен данок во износ од 161.261 шведски круни (или приближно 17.284 евра), а не постои горна граница на висината на дополнителниот данок во овој случај), Судот смета дека тоа е посебна и дополнителна основа за кривична карактеризација на делото која веќе беше утврдена при испитувањето на карактерот на делото (види го случајот *Janosevic*, § § 68-69; види го, исто така, случајот *Västberga Taxi Aktiebolag* и случајот *Vulic против Шведска*, бр. 36985/97, 23 јули 2002 година, кој е решен на слична основа, во исто време).

34. Во еден подоцнежен случај, имено, *Morel против Франција* (одлука), бр. 54559/00, ECHR 2003-IX), сепак, беше утврдено дека член 6 не е применлив во однос на дополнителниот данок за доплата во висина од 10% (4.450 француски франци (FRF), што одговара на сумата од 678 евра), сума која „не е особено висока“ и поради тоа „е далеку од нивото на многу значителна казна“ кое е потребно за да може делото да се класификува како кривично. Одлуката, за која Судот ги примени *Bendenoun* наместо *Engel* критериумите, придава огромно значење на строгоста на казната на штета на другите *Bendenoun* критериуми, особено на оние кои се однесуваат на карактерот на делото (и целта на казната) и не се повика на неодамнешниот случај *Janosevic*. Како таква, се чини дека повеќе се придржува до пристапот на Комисијата применет во случајот *Bendenoun против Франција* (бр. 12547/86, извештај на Комисијата од 10 декември 1992 година, непријавен), во кој Комисијата ја заснова примената на член 6 главно на степенот на строгост на казната, за разлика од Судот во истиот тој случај, кој направи проценка на сите аспекти на случајот, применувајќи строго кумулативен пристап. *Morel* е исклучок меѓу пријавените случаи според тоа што се потпира на недостатокот на строгост на казната со што

случајот не спаѓа во рамките на опсегот на член 6, иако другите критериуми (општото правило, кое не претставува надомест на штета според својот карактер, неговата заплашувачка и казнена цел) се јасно исполнети.

35. Големиот судски совет се согласи со пристапот применет во случајот *Janosevic*, каде детална анализа на прашањата е дадена во одлуката за основаноста, по корисните аргументи дадени од страните на јавна расправа (спореди со случајот *Morel,* каде одлуката се однесува на недопуштеноста на случајот). Оттука, не постои воспоставена или авторитетна основа во судската пракса на Судот за да се смета дека незначителниот карактер на казната, во даночни постапки или во други постапки, може да биде одлучувачки за едно сторено дело, кое инаку е кривично по карактер, да биде извадено надвор од рамките на опсегот на член 6.

36. Понатаму, Судот не е убеден дека карактерот на постапките за доплата на дополнителен данок е таков што тие постапки не спаѓаат, или не треба да спаѓаат, во рамките на заштитата предвидена во член 6. Аргументите за тоа, исто така, не се покажаа како успешни во контекст на затворските дисциплински прекршоци и лесните сообраќајни прекршоци (види ги, *меѓу другите*, случајот *Ezeh и Connors* и случајот *Öztürk*, цитирани погоре). Иако не постои сомнеж во однос на значењето на даноците за ефикасното функционирање на државата, Судот не е убеден дека отстранувањето на процесните заштитни мерки при наметнувањето на казните во таа сфера е потребно за да се одржи ефикасноста на фискалниот систем или, всушност, може да се смета дека отстранувањето е во согласност со духот и целта на Конвенцијата. Во овој случај, Судот ги примени *Engel* критериумите, кои се идентификувани погоре.

37. Осврнувајќи се на првиот критериум, јасно е дека дополнителниот данок кој треба да го доплати жалителот, во овој случај, не е класификуван како кривично дело, туку како дел од фискалниот режим. Ова, сепак, не е одлучувачко.

38. Вториот критериум, карактерот на извршеното дело, е поважен. Судот забележа дека, како и во случаите *Janosevic* и *Bendenoun*, може да се каже дека дополнителните даноци се наметнати со општите законски одредби кои се однесуваат главно на даночните обврзници. Судот не е убеден со аргументот на Владата дека данокот на додадена вредност се однесува само на ограничена група на луѓе со посебен статус: како и во претходно споменатите случаи, жалителот има одговорност која произлегува од неговото својство на даночен обврзник. Фактот што жалителот се одлучил да достави пријава за ДДВ за деловни цели не се одразува негативно на неговата позиција. Понатаму, како што истакна Владата, доплатата на дополнителниот данок не се смета за паричен надомест на штета, туку се смета за казна, која има за цел да го спречи повторното вршење на делото. Според тоа, може да се донесе заклучок дека дополнителниот данок е наметнат според општото правило, кое има заплашувачка и казнена цел. Судот смета дека со ова се потврдува кривичниот карактер на делото. Поради незначителниот карактер на казната, овој случај се разликува од случајот *Janosevic,* како и од случајот

*Bendenoun* во однос на третиот *Engel* критериум, но случајот не е отстранет од рамките на опсегот на член 6. Оттука, член 6 се применува според неговата кривична категорија и покрај незначителниот карактер на казната за доплата на дополнителен данок.

39. Оттука, Судот мора да разгледа дали постапката за доплата на дополнителен данок е во согласност со условите наведени во член 6, имајќи ги предвид фактите на секој поединечен случај, вклучувајќи ги сите релевантни карактеристики кои произлегуваат од даночниот контекст.

*2. Усогласеност со член 6*

40. Усната и јавна расправа претставува основно начело предвидено во член 6 § 1. Ова начело е особено важно во кривичниот контекст, каде, главно, мора да постои трибунал, првостепен, кој целосно ги исполнува условите предвидени во член 6 (види го случајот *Findlay против Обединетото Кралство*, 25 февруари 1997 година, § 79, *Извештаи за пресуди и одлуки* 1997 - I), и каде жалителот има право неговиот случај да биде „сослушан", со можност, *меѓу другото*, да изнесе докази во своја одбрана, да ги слушне доказите против него, и да ги испрашува и вкрстено да ги испрашува сведоците.

41. Оттука, обврската за спроведување на расправа не е апсолутна (види го случајот *Håkansson и Sturesson против Шведска*, 21 февруари 1990 година, § 66, Серија А, бр. 171-А). Не е исклучена можноста да постојат постапки во кои може да не е потребна усна расправа: на пример, во случаи каде што не постојат прашања во врска со веродостојноста или спорни факти за кои е потребна расправа, при што судовите можат правично и разумно да го решат случајот врз основа на поднесоците на страните и другите пишани материјали (види го, на пример, случајот *Dory против Шведска*, бр. 28394/95, § 37, 12 ноември 2002 година, и случајот *Pursiheimo против Финска* (одлука), бр. 57795/00, 25 ноември 2003 година; спореди го случајот *Lundevall против Шведска*, бр. 38629/97, § 39, 12 ноември 2002 година со случајот *Salomonsson против Шведска*, бр. 38978/97, § 39, 12 ноември 2002 година, види го, исто така, случајот *Göç против Турција* [GC], бр. 36590/97, § 51, ECHR 2002-V, каде што жалителот треба да биде сослушан за елементите на личното страдање во врска со нивото на надомест).

42. Судот, понатаму, потврди дека националните власти можат да ги земат предвид барањата за ефикасност и економичност и, при тоа, утврди, на пример, дека систематското одржување на рочиштата може да биде пречка за особеното внимание кое треба да се посвети во случаите за социјална сигурност и, на крај, може да ја спречи усогласеноста со условот за разумен рок според член 6 § 1 (види го случајот *Schuler-Zgraggen против Швајцарија*, 24 јуни 1993 година, § 58, Серија А, бр. 263 и случаите цитирани во истиот овој случај). Иако во претходните случаи е нагласено дека расправа мора да се одржи пред првостепен и единствен суд, доколку не постојат исклучителни околности кои оправдуваат расправа да не се

одржи (види го, на пример, случајот *Håkansson и Sturesson*, цитиран погоре, § 64; случајот *Fredin против Шведска* (бр. 2), 23 февруари 1994 година, § § 21-22, Серија А, бр. 283-А, и случајот *Allan Jacobsson против Шведска* (бр. 2), 19 февруари 1998 година, § 46, *Извештаи* 1998-I), Судот даде образложение дека карактерот на околностите кои можат да го оправдаат неодржувањето на усната расправа, во суштина, се сведува на карактерот на прашањата за кои треба да се донесе одлука од страна на надлежниот национален суд, а не на зачестеноста на таквите случаи. Ова не значи дека одбивањето да се одржи усна расправа може да биде оправдано само во ретки случаи (види го случајот *Miller против Шведска*, бр. 55853/00, § 29, 8 февруари 2005 година). Општото начело за правичност предвидено во член 6 е, како и секогаш, клучната размисла (види го, *mutatis mutandis*, случајот *Pélissier и Sassi против Франција* [GC], бр. 25444/94, § 52, ECHR 1999-II, и случајот *Sejdovic против Италија* [GC], бр. 56581/00, § 90, ECHR 2006-II).

43. Иако може да се забележи дека горенаведените случаи за кои се смета дека усна расправа не е неопходна се однесуваат на постапки кои спаѓаат во рамките на граѓанската категорија на член 6 § 1 и дека условите за правично сослушување се најстрогите услови во сферата на кривичното право, Судот не го исклучи фактот дека во кривичната сфера, карактерот на прашањата треба да биде утврден пред трибуналот, инаку судот не може да бара одржување на усна расправа. И покрај размислувањето дека одредена тежина се придава на кривичните постапки, која се однесува на утврдувањето на кривичната одговорност и изрекувањето на казнени и заплашувачки санкции, очигледно е дека постојат кривични случаи кои не носат било каков значаен степен на стигма. Јасно е дека постојат „кривични дела“ со различни тежина. Што е уште поважно, автономното толкување усвоено од страна на институциите на Конвенцијата во врска со значењето на поимот „кривично дело“ со примена на *Engel* критериумите предизвика постепено проширување на кривичната категорија за случаи кои не спаѓаат исклучиво во традиционалните категории на кривичното право, на пример, административни казни (случајот *Öztürk*, цитиран погоре), затворски дисциплински постапки (случајот *Campbell и Fell против Обединетото Кралство*, 28 јуни 1984 година, Серија А, бр. 80), царинско право (случајот *Salabiaku против Франција*, 7 октомври 1988 година, Серија А, бр. 141-А), конкурентско право (*Société Stenuit против Франција*, 27 февруари 1992 година, Серија А, бр. 232-А), како и казни изречени од страна на суд со судска надлежност за финансиски прашања (*Guisset против Франција*, бр. 33933/96, ECHR 2000-IX). Дополнителниот данок кој треба да се доплати се разликува од главното јадро на кривичното право; следствено, гаранциите кои произлегуваат од кривичната категорија не секогаш се применуваат со својата целосна строгост (види ги случаите *Bendenoun* и *Janosevic*, § 46 и § 81 соодветно, во кои беше утврдено дека изрекувањето на кривични казни во првостепената постапка од страна на управен или не-судски орган е во согласност со член 6 § 1, што е спротивно на случајот *Findlay*, цитиран погоре).

44. Исто така, мора да се истакне дека фактот што постапката е од значителна лична важност за жалителот, како на пример во одредени случаи на социјално осигурување или корист, не е одлучувачки за потребата за одржување на усна расправа (види го случајот *Pirinen против Финска* (одлука), бр. 32447/02, 16 мај 2006 година).

45. Иако Судот утврди дека член 6 § 1 од Конвенцијата се проширува и на постапките за доплата на дополнителен данок, таа одредба не се однесува на споровите околу самиот данок (види го случајот *Ferrazzini*, цитиран погоре). Сепак, не е невообичаено да се комбинираат различни елементи во постапките, а, исто така, може да не биде можно да се изделат оние делови од постапката со кои се утврдува „кривично дело" од другите делови со кои не се утврдува тоа. Судот мора соодветно да ја разгледа постапката за која станува збор до оној степен до кој се основа „кривично обвинение" против жалителот, иако таквото размислување задолжително вклучува „чиста" проценка на данокот до одреден степен (види го случајот *Georgiou против Обединетото Кралство* (одлука), бр. 40042/98, 16 мај 2000 година, и случајот *Sträg Datatjänster AB против Шведска* (одлука), бр. 50664/99, 21 јуни 2005 година).

46. Во овој конкретен случај, целта на барањето на жалителот за спроведување на усна расправа беше да се оспори веродостојноста и точноста на извештајот на даночната инспекција со вкрстено испрашување на даночниот инспектор, како и да добие докази во негова корист од страна на вештото лице назначено од негова страна, бидејќи, според неговото мислење, даночниот инспектор погрешно ги протолкувал барањата утврдени во релевантните закони и изготвил погрешен извештај во врска со неговата финансиска состојба. Оттука, неговите причини за барањето за одржување на усна расправа се однесуваат во голема мера на веродостојноста на проценката на данокот, кое, како такво не спаѓа во рамките на опсегот на член 6, иако има и дополнително прашање за тоа дали книговодствената евиденција на жалителот содржи толку многу недостатоци за да се оправда доплатата на данокот. Управниот суд, кој донесе одлука да се достават писмени забелешки од страна на даночниот инспектор, а потоа и изјава од вештото лице назначено од страна на жалителот, утврди, врз основа на околностите, дека усна расправа е очигледно непотребна, поради тоа што информациите доставени од страна на жалителот лично претставуваат доволна фактичка основа за разгледување на случајот.

47. Судот не се сомнева дека проверката и потврдата дека даночниот обврзник дал точен извештај во врска со неговите деловни работи и дека документите во поддршка на извештајот се правилно изготвени, често можат да бидат поефикасно разгледани во писмена постапка отколку со усно аргументирање. Исто така, Судот не е убеден од страна на жалителот дека во овој конкретен случај може да се отвори прашање во врска со веродостојноста во постапка која бара усно изнесување на докази или вкрстено испрашување на сведоците и го прифати аргументот на Владата

дека сите прашања на факти и закон можат да бидат соодветно разгледани и решени врз основа на писмените поднесоци.

48. Судот, понатаму, истакна дека на жалителот не му била ускратена можноста да побара усна расправа, иако судовите требало да одлучат дали е потребна усна расправа или не (види го, *mutatis mutandis*, случајот *Martinie против Франција* [GC], бр. 58675/00, § 44, ECHR 2006-VI). Управниот суд го разгледа ваквото барање и даде одговор со образложение. Судот, исто така, ја наведе и незначителната сума на пари за која станува збор во случајот. Поради тоа што на жалителот му била дадена можност да го изнесе својот случај во писмена форма и да достави коментари во врска со поднесоците на даночните власти, Судот утврди дека условите за правичност се исполнети и дека, во конкретните околности на овој случај, не е потребно да се одржи усна расправа.

49. Според тоа, соодветно на горенаведеното, не постои повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата.

## ОД ОВИЕ ПРИЧИНИ, СУДОТ

1. *Одлучи,* со тринаесет гласови наспроти четири, дека член 6 од Конвенцијата е применлив во овој конкретен случај;

2. *Одлучи*, со четиринаесет гласови наспроти три, дека не постои повреда на член 6 од Конвенцијата.

Изготвена на англиски и француски јазик, а изреката на пресудата е дадена на јавна расправа во Зградата на човековите права, Стразбур, на 23 ноември 2006 година.

Erik Fribergh — Секретар

Jean-Paul Costa — Претседател

Во согласност со член 45 § 2 од Конвенцијата и член 74 § 2 од Деловникот на Судот, следниве издвоени мислења се дадени во прилог на оваа пресуда:

(а) заедничко, делумно издвоено, мислење на судиите Costa, Cabral Barreto и Mularoni, кон кое се придружува и судијата Caflisch;

(б) делумно издвоено мислење на судијата Loucaides, кон кое се придружуваат и судиите Zupančič и Spielmann.

J.-P.C.
E.F.

## ЗАЕДНИЧКО, ДЕЛУМНО ИЗДВОЕНО, МИСЛЕЊЕ НА СУДИИТЕ COSTA, CABRAL BARRETO И MULARONI, КОН КОЕ СЕ ПРИДРУЖУВА И СУДИЈАТА CAFLISCH

(*Превод*)

1. Се согласуваме со мнозинството дека, во овој случај, не постои повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата.

2. Сепак, ваквиот заклучок го донесовме поради тоа што сметаме дека овој член не е применлив.

3. Мнозинството се повикува (види ги ставовите од 29 до 34 на пресудата) на релевантната судска пракса, која, до сега, според нашето мислење, е релативно јасна.

4. Проценката на даноците и можноста да се наметне дополнителен данок кој треба да се доплати не спаѓаат во рамките на опсегот на член 6 § 1 според неговата граѓанска категорија, како што Големиот судски совет јасно наведе во случајот *Ferrazzini против Италија* ([GC], бр. 44759/98, ECHR 2001-VII ). Во став 29 на таа пресуда, како што обвинетата Влада правично укажа, Судот утврди дека „даночните прашања, сепак, претставуваат дел од најосновните прерогативи на јавната власт, при што јавниот карактер на односот помеѓу даночните обврзници и даночните власти и натаму останува доминантен“.

5. Во овој случај, прашањето е дали член 6 § 1 се применува според неговата кривична категорија или не. Судот, во согласност со пресудата за случајот *Engel и други против Холандија* (8 јуни 1976 година, Серија А, бр. 22), ги зеде предвид следниве три критериуми, што неодамна беа потврдени од страна на Големиот судски совет (види го случајот *Ezeh и Connors против Обединетото Кралство* [GC], бр. 39665/98 и бр. 40086/98, § 82, ECHR 2003-X):

(а) класификацијата на „делото“ како „кривично“ според домашниот правен систем;

(б) самиот карактер на делото;

(в) степенот на строгост на казната на која засегнатото лице ризикува да биде изложено.

6. Се согласуваме со мнозинството дека овие критериуми треба да се применат. Сепак, јасно е дека првиот и третиот критериум не се исполнети во овој конкретен случај. Мнозинството, во основа, се повика на карактерот на делото, и утврди дека:

(а) дополнителниот данок кој треба да се доплати е изречен врз основа на општите правни одредби кои се однесуваат главно на даночните обврзници, и дека

(б) целта на казните е истовремено заплашувачка и казнена.

7. Според нашето мислење, овие два аспекти не се доволни за делото да се смета дека е „кривично дело“, во рамките на значењето на член 6.

8. Прво, зошто не е можно да се изречат административни казни (во форма на доплата на данок) за сите даночни обврзници кои го прекршиле законот, и кое е тоа правно размислување кое може да доведе до донесување на заклучок дека таквите административни казни се кривични според нивниот карактер?

9. Второ, чисто административните казни, но и кривичните казни, можат да имаат заплашувачка и казнена цел. Судот, всушност, ова го утврди и во минатото (види ги, *меѓу другите*, случаите *Öztürk против Германија*, 21 февруари 1984 година, § 53, Серија А, бр. 73 и *Janosevic против Шведска*, бр. 34619/97, § 68, ECHR 2002-VII). Спротивно на овие случаи, во случајот *Bendenoun против Франција* (24 февруари 1994 година, § 47, Серија А, бр. 284), кој е цитиран во став 31 на пресудата, Судот направи подетална и, според нашето мислење, поправична анализа, во даночната област (чиј специфичен карактер е нагласен во случајот *Ferrazzini*, цитиран погоре), земајќи предвид и четврт критериум, покрај трите *Engel* критериуми, имено фактот дека дополнителниот данок е „многу значителен". Во истиот тој став на пресудата за случајот *Bendenoun*, Судот го донесе следниот заклучок: „Откако направи проценка на различните аспекти на случајот, Судот истакна дека преовладуваат оние аспекти кои имаат *криминална конотација*. Ниту еден од тие аспекти поединечно не е одлучувачки, но заедно со останатите аспекти и на кумулативен начин, доведуваат до тоа „делото" за кое станува збор да се смета за „кривично дело", во рамките на значењето на член 6 § 1 ..., кој, оттука, е применлив". Во спротивно, во оние случаи, како и во овој случај, во кој е утврдено дека недостасува четвртиот критериум кој е карактеристичен за кривичните казни, „криминалната конотација" е значително намалена до оној степен до кој, според нашето мислење, член 6 станува неприменлив.

10. Околностите на случајот покажуваат дека случајот на жалителот не може да се карактеризира како кривичен случај или како да има „криминална конотација". Прво, жалителот едноставно направил грешки во неговата книговодствена евиденција што резултира со погрешно поднесена даночна пријава за данок на додадена вредност. Дали ова задолжително претставува кривично дело? Според нашето мислење, ова е далеку од вистинито. Второ, казната која му е изречена на жалителот претставува 10% од повторната пресметка на даночната обврска, која изнесува околу 308 евра. Дали ова навистина може да се опише како „многу значителна сума", или дури само како „значителна сума"? Постои сериозен сомнеж кај нас дали сумата треба да биде изразена во процент или во апсолутна вредност.

11. Очигледно, постојат одредени недоследности меѓу двете струи кои се забележани во рамките на судската пракса на Судот, кои подеднакво се карактеристични и се применуваат за даночните судски постапки, кои се отсликани во случајот *Bendenoun* и во случајот *Janosevic*, па оттука произлегува потребата да се пренесе надлежноста на Големиот судски совет со цел да се разрешат недоследностите во рамките на значењето на член 30 од Конвенцијата. Сепак, убедени сме дека струјата претставена во

случајот *Bendenoun* е поприфатлива, и дека, во овој конкретен случај, ниту еден од трите *Engel* критериуми, ниту дополнителниот, четвртиот, критериум од случајот *Bendenoun* не се исполнети, и, оттука, член 6 § 1 не може да се примени.

Покрај тоа, не е соодветно да се прошири премногу „кривичната“ категорија на таа одредба; подобро е да се прифати дека даночната сфера е посебна сфера, како што е формално потврдено во пресудата за случајот *Ferrazzini* и како што е очигледно од другите одредби на Конвенцијата (види го текстот на член 1 став 2 од Протоколот бр. 1).

12. Ако член 6 § 1 не се применува, тогаш, очигледно е дека истиот не може да биде прекршен. Токму поради таа причина гласавме исто како и мнозинство, во корист на точка 2 од оперативните одредби. Според тоа, нема потреба да ги разгледуваме прашањата кои можат да се појават доколку се утврди дека член 6 § 1 е применлив според неговата кривична категорија и да одлучуваме дали во таква ситуација можеме да се согласиме со мнозинство за да утврдиме дека усна расправа не е неопходна. Тоа е многу дискутабилно, но исто така и хипотетичко, прашање.

## ДЕЛУМНО ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ НА СУДИЈАТА LOUCAIDES, КОН КОЕ СЕ ПРИДРУЖУВААТ И СУДИИТЕ ZUPANČIČ И SPIELMANN

Се согласувам со мнозинството дека овој конкретен случај се однесува на постапка која е кривична според својот карактер и, на тој начин, ги добива гаранциите предвидени во член 6 од Конвенцијата, според неговата кривична категорија. Сепак, не можам да се согласам со мнозинството во тврдењето дека барањето за одржување на усна расправа може да се отфрли во овој случај или во било која друга кривична постапка.

Ова е прв случај во кој Судот утврди дека може да не е потребно да се одржи усна расправа во кривичен случај. Судот претходно утврди дека обврската да се одржи таква расправа не е апсолутна во однос на одредени граѓански постапки. Без да се навлезе во прашањето дали пристапот во однос на граѓанските постапки е оправдан или не со условите од член 6 на Конвенцијата, од самиот почеток, морам да ја нагласам поентата дека постои голема разлика помеѓу граѓанската постапка и кривичната постапка во многу аспекти кои влијаат на барањето за одржување на усна расправа. Најпрво, поради тоа што кривичните постапки се посериозни од граѓанските постапки и наметнуваат кривична одговорност со последователна стигма – стигма која постои во секој случај, без оглед на сериозноста на релевантното кривично дело, иако тоа дело може да биде полесно или потешко, во зависност од степенот на таквата сериозност. Второ, во кривичната судска постапка, постои соочување меѓу државата од една страна, која ја остварува својата моќ при примената на кривичното право, и поединецот или поединците, од друга страна. Трето, изричните услови предвидени во член 6 во врска со минималните права на лицата обвинети за кривично дело според став 3 (в), (г) и (д), јасно укажуваат дека усната расправа е неквалификуван и неопходен предуслов за правично судење за кривичното дело („... да се брани лично; ... да ги испраша ... сведоците против него; ... да обезбеди присуство и сослушување на сведоци; ... да добие ... помош од преведувач, доколку тој не ... го зборува јазикот кој се користи во судот“).

Барањето за одржување на усна расправа во судските постапки беше оспорено во текот на изготвувањето на одредени меѓународни инструменти, но дури и кога ваквото оспорување е успешно, како во случајот со Американската конвенција за човековите права, гаранцијата за одржување на усна расправа и натаму постои во однос на кривичните постапки.

Се чини од судската пракса дека секогаш кога Судот ќе утврди дека усна расправа не мора да се одржи во однос на кривичните постапки во жалбената фаза, секогаш јасно става до знаење дека усните расправи треба да се одржат во првостепената фаза (види го случајот *Axen против Германија*, 8 декември 1983 година, § 28, Серија А, бр. 72; случајот *Helmers против Шведска*, 29 октомври 1991 година, § 36, Серија А, бр. 212-А; и

случајот *Jan-Åke Andersson против Шведска*, 29 октомври 1991 година, § 27, Серија А, бр. 212-Б).

Во случајот Jan-Åke Andersson (29 октомври 1991 година, мислење на Комисијата, §§ 48-49, Серија А, бр. 212-Б), Комисијата ги наведе следниве начела:

> „48. Правото на обвинетото лице да биде присутно кога судот утврдува дали лицето ќе биде прогласено за виновно за кривичното обвинение против него, како и да биде во можност да го изнесе пред судот сето она што тој го смета дека е од значење за неговиот случај, не претставува само дополнителна гаранција дека обид ќе биде направен за да се утврди вистината, туку тоа, исто така, помага да се осигура дека обвинетото лице е убедено дека за неговиот случај одлуката е донесена од страна на трибунал, чија независност и непристрасност обвинетото лице може да ја провери. Оттука, правдата, од гледна точка на обвинетото лице, се смета дека е задоволена. Исто така, предметот и целта на член 6, земени како целина, бараат лицето обвинето за кривично дело да има право да учествува во усната расправа. Подставовите (в) и (г) на став 3 го гарантираат правото лицето да се брани лично и да ги испраша сведоците или да побара сведоците да бидат испрашани, а таквите права не може да се остварат без присуството на обвинетото лице (види ја, исто така, пресудата на Европскиот суд за човекови права за случајот *Colozza*, 12 февруари 1985 година, Серија А, бр. 89, стр. 14, § 27).
>
> 49. Гаранцијата за правично и јавно судење предвидена во член 6 § 1 од Конвенцијата е едно од основните начела на секое демократско општество. Тоа што спроведувањето на правдата е видливо, публицитетот придонесува за одржување на довербата во спроведувањето на правдата. Јавниот карактер на усната расправа, на која се утврдуваат прашањата за вина и невиност, гарантира дека јавноста е соодветно информирана и дека правниот процес може да подлежи на јавен надзор.“

Судот го утврди следново: „Покрај тоа, предметот и целта на член 6, и текстот на некои од подставовите на став 3, покажуваат дека едно лице обвинето за кривично дело ‘има право да учествува на усната расправа и неговиот случај да биде јавно изнесен’ во негово присуство од страна на ‘трибуналот’ ... Судот донесе заклучок, исто како и Комисијата, дека сите докази, во основа, мора да бидат изнесени во присуство на обвинетото лице на јавна расправа со цел да бидат презентирани и спротивставените аргументи“ (види го случајот *Barbera, Messegué и Jabardo против Шпанија*, 6 декември 1988 година, § 78, Серија А, бр. 146).

Понатаму, како што Судот утврди во низа наврати: „Јавниот карактер на постапката пред судските органи наведени во член 6 § 1 ги штити страните од спроведување на правдата во тајност, без јавна контрола; исто така, претставува еден од начините за задржување на довербата во судовите. Тоа што спроведувањето на правдата е видливо, публицитетот придонесува за постигнување на целта на член 6 § 1, имено, правично судење, чија гаранција е едно од основните начела на секое демократско општество, во рамките на значењето на Конвенцијата“ (види ги, *меѓу другите*, случаите *Axen*, цитиран погоре, § 25, и *Sutter против Швајцарија*, 22 февруари 1984 година, Серија А, бр. 74).

Мнозинство во овој случај прифати дека „... одредена сериозност и се придава на кривичната постапка, која се однесува на утврдувањето на кривичната одговорност и изрекувањето на казнени и заплашувачки санкции ...“, но тие и натаму тврдат дека „постојат кривични случаи кои не носат значителен степен на стигма ...“ и дека „дополнителниот данок кој треба да се доплати (како во овој конкретен случај) се разликува од главното јадро на кривичното право; следствено, гаранциите кои произлегуваат од кривичната категорија не секогаш се применуваат со својата целосна строгост ...“ (види став 43 на пресудата).

Сметам дека е тешко, во контекст на правичното судење, да се направи разлика, како што мнозинството прави во овој случај, меѓу кривичните дела кои спаѓаат во рамките на „главното јадро на кривичното право“ и другите дела кои не спаѓаат во рамките на таа категорија. Каде може да се исцрта линијата на разграничување? Во која категорија се сврстуваат оние дела кои според нивната номинална вредност се чини дека не се тешки дела, но ако се извршени од страна на рецидивист, за истите можат да бидат изречени строги санкции? Уверен сум дека гаранциите за правично судење предвидени во член 6 од Конвенцијата важат за сите кривични дела. Нивната примена не зависи и не може да зависи од тоа дали релевантното дело се смета дека е дел од „главото јадро на кривичното право“ или дали „носи одредена значителна стигма“. За засегнатите лица, за кои оваа одредба од Конвенцијата има за цел да ги заштити, сите случаи имаат своја важност. Ниту едно лице обвинето за кривично дело не треба да биде лишено од можноста да ги испраша сведоците против него или од која било друга заштитна мерка која е предвидена за усната расправа. Покрај тоа, прифаќањето на таквите разлики би го отворило патот за злоупотреба и произволност.

Јас сум цврсто убеден дека судските постапки за примена на кривичното право, во однос на било кое дело, од страна на моќната држава против поединци бараат, повеќе од која било друга судска постапка, строга усогласеност со условите предвидени во член 6 од Конвенцијата со цел да се заштити обвинетото лице од „спроведување на правдата во тајност, без јавна контрола“. Како што правилно истакна Trechsel „... начелото за јавно судење во кривичните предмети има значење што оди подалеку од личните интереси“[1].

Оттука, откако веќе беше (правилно) утврдено дека соодветните постапки во овој случај се кривични, барањето за одржување на усна расправа во однос на истите стана *sine qua non*. Неуспехот да се исполни тој услов, според моето мислење, претставува повреда на член 6 од Конвенцијата.

[1] Stefan Trechsel, *Човековите права во кривичната постапка*, стр. 121.